Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Врз основа на член 48, член 52 и член 53 од Законот за административни службеници ("Сл.весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен Интерниот оглас ("Сл.Весник на РМ" бр. 11/2015, бр. 35/2018)

Секретарот на Општина Кавадарци, донесе

Арх.Бр. 04-127/ 10
Дата: 14. 01. 2020..
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

О Д Л У К А

за избор за кандидат за унапредување

I. Во врска со Интерниот оглас бр. 03/2019 за унапредување на административни службеници во Општина Кавадарци, објавен на ден 25.12.2019 година на интернет страниците на Агенцијата за администрација и на Општина Кавадарци,

за работно место - УПР 01 01 В01 000 – Советник –за инхорматички системи, Одделение за информатичко комуникациска технологија,Сектор за локален економски развој…..……..1 извршител,

СЕ ИЗБИРА кандидатот **ПЕТРЕ ЗДРАВКОВ .**

II.Одлуката за избор за унапредување се објавува на интернет страницата на Општина Кавадарци.

О б р а з л о ж е н и е

Во член 48, член 49, член 50 од Законот за административни службеници ("Сл.весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) предвидена е постапка за вработување на државни службеници врз основа на објавен Интерен оглас.

Согласно Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен Интерниот оглас ("Сл.Весник на РМ" бр. 11/2015, бр. 35/2018), Општина Кавадарци во електронска форма на интернет страницата на Општина Кавадарци и на Агенцијата за администрација на 25.12.2019 година година објави Интерен Оглас бр. 03/2019.

Врз основа на објавениот Интерен оглас бр.03/2019 за унапредување на административен службеник во Општина Кавадрци за работното место со шифра УПР 01 01 В01 000 – Советник –за инхорматички системи, Одделение за информатичко комуникациска технологија,Сектор за локален економски развој …..……..1 извршител , со Решение бр. 04-7099/5 од 30.12.2019 година година формирана е Комисија за селекција за унапредување на административни службеници

во Општина Кавадарци.

Комисијата за селекција за унапредување, согласно Записникот за административна селекција на кандидати бр. 04-127/1 од 13.01.2020 година и Записникот за спроведување на интервју бр.04-127/2 од 13.01.2020 година изготви Финална ранг листа и до Секретарот на Општина Кавадарци достави Предлог Одлука од интервјуирани кандидати за работното место Советник –за информатички системи, Одделение за информатичко комуникациска технологија, Сектор за локален економски развој.

Согласно член 52 став (1) од Законот за административни службеници, Секретарот на Општина Кавадарци , по добивањето на Предлогот за прворангираниот кандидат одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Арх.Бр. 04-127/
Дата:_____
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

ПРАВНА ПОУКА:Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
СЕКРЕТАР
ТОДОР ЕФРЕМОВ

Изработил;
Кристина Чејкова

Контролирал;
Надица Алексова

Одобрил
Јасминка Ѓорѓиева Тодоров

Доставено до:
- **именуваниот;**
- **Одделение за управување со човечки ресурси**
- **архива на Општина Кавадарци**
- **Одделение за информатичко комуникациска технологија**